Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

## Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало на следните производи:

- бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;

- брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 кг до 2 кг;

- брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 кг до 2 кг;

- трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;

- јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;

- кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;

- свежи јајца од кокошка и

- масло за јадење од сончоглед.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале во трговијата на големо и трговијата на мало на 1 февруари 2025 година.

## Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2025 година.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1910/5
18 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.